ДС СМИТХ
-АД- Скопје
Бр. 03-546
28.02.2023 год.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА "ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ" ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

Во периодот од 01.01 до 31.12.2022 година ДС Смитх АД Скопје оствари позитивен финансиски резултат од 33.399 илјади денари пред оданочување, односно 29.136 илјади денари по оданочување.

Во тековната година остварени се вкупни приходи од продажба 1.304.388 илјади денари, кој во однос на 2021 е зголемен за 36%. Во проценти изразено приходите на домашен пазар се зголемени за 37%, односно 36% кај приходите на странски пазар. Најголемо влијание на зголемување на приходите од домашен и странски пазар е резултат од зголемување на зголемена количина. Друштвото согласно предизвиците од светската здравствена и економска криза, пред се влијанието од војната во Украина и движењата на пазарите континуирано ги ревидираше финансиските планови за тековната година. Со ревидираните планови се одржува континуитет како на домашен така и на странските пазари.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 1.303.972 илјади денари, кои во однос на 2021 се поголеми за 31%, односно:

- Расходите по основ на суровините и материјалите се 32% зголемени, што се должи на зголеменото производство, како и најголемо влијание од зголемената цената на основната суровина - хартијата во тековната година што е резултат движењата на светските берзи;
- Согласно зголемената продажба се зголемени и дистрибутивни трошоци за 20% согласно зголемена продажба, но и влијанието на зголемените цени за гориво;
- Вредносно усогласување на тековните средства е согласно сметководствените политики на друштвото;
- Трошоци за вработените се за 3% зголемени за трошоците за еднократните трошоци. Со изземање на истите, трошоците за вработените се на исто просечно месечно ниво како и минатата година. Намалување на трошоците за 57% најмногу има кај надоместоците за службени патувања.

Во однос на претходната година ДС Смитх АД Скопје нема промена во сметководствените политики и целосно усогласување на методите на вреднување на ставките во финансиските извештаи со групација.

Промени во кредитната задолженост на Друштвото споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи нема, како и намалување на неплатените краткорочни обврски кон поврзани страни.

ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ

Друштво за производство на хартиена амбалажа
ДС СМИТХ
-АД- Скопје